# Извештај од самоевалуацијата на училиштето

**ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВРШЕНАТА САМОЕВАЛУАЦИЈА**

**ВО СГГУ на ГС „ЗДРАВКО ЦВЕТКОВСКИ“–СКОПЈЕ**

**за периодот 2018 – 2020 година**

**ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО**

**СГГУ на ГС „ЗДРАВКО ЦВЕТКОВСКИ“ - Скопје**

| | |
|---|---|
| Вид на училиште: | Средно училиште на Град Скопје |
| Основач на училиштето: | Град Скопје |
| Наставен јазик: | македонски – албански |
| Директор на училиштето: | Атина Томовска |
| Претседател на училишниот одбор: | Силва Таневска |
| Адреса на училиштето: | Бул. „Партизански Одреди“, бр. 91<br>1000 Скопје |
| Телефон број: | 02/ 3062-694 |
| Факс: | 02/ 3065-467 |
| Веб страна: | www.zdravkocvetkovski.edu.мк |
| Е-пошта: | kontakt@zdravkocvetkovski.edu.mk |

## НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Овој извештај содржи внатрешна самоевалуација врз основа на Правилникот за начинот и подрачјата за вршење на самоевалуацијата на средните училишта, односно оценување на работата на СГГУ на ГС „Здравко Цветковски“, наставниот кадар и неговите програми за периодот од 2018г. до 2020г. кога е усвоен последниот Извештај за самоевалуација.

Во самоевалуацијата учествуваше Комисија за самоевалуација, која со одлука на Наставничкиот совет на училиштето со деловоден број 02-18/37 е формирана на 18.12.2019 г.

Комисијата е во состав:

- Марија Боева – претседател- координатор
- Емилија Јовановска - заменик претседател

1. Наставни планови и програми
   - Стево Павловски
   - Радмила Тодоровски
   - Надире Садику
2. Постигнување на учениците
   - Анета Саздова
   - Виолета Златевска
   - Феми Јусуфи
3. Учење и настава
   - Билјана Цветковска
   - Соња Стефановска
   - Башким Исуфи
4. Поддршка на учениците
   - Милена Илиевска
   - Соња Ребац
   - Јенуз Мемети
5. Училишна клима и односи во училиштето
   - Јасминка Атанасова Симјаноска
   - Моника Стоилевска
   - Редифе Сулејмановска
6. Ресурси
   - Стојанче Тодоровски
   - Јасмина Шикоска

- Фатмире Балажи

7. Раководство, креирање политика
   - Лида Трајковска
   - Елена Стоиловска
   - Нурјета Мемеди

За потребите на самоевалуацијата се земени предвид согледувањата на наставниците, тимовите имаа средби и разговори со вработените, извршија проверка на потребната документација, беа спроведени анкети со ученици, наставници, родители, за да се утврди и нивното мислење во врска со спроведувањето на наставата, видот на наставните содржини и нивното презентирање. Комисијата се состана повеќе пати, а сé со цел да се направи извештај кој ќе ја отслика вистинската состојба.

Самоевалуацијата се изврши врз основа на добиените вредности од Интегралната евалуација на Државниот просветен инспекторат и Програмата за развој на училиштето.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и вонннаставните активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во сé помал број, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат.

Целокупната состојба и работа во училиштето, е добиена од седумте подрачја, кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето:

1. Наставни планови и програми
2. Постигнување на учениците
3. Учење и настава
4. Поддршка на учениците
5. Училишна клима и односи во училиштето
6. Ресурси
7. Управување, раководење и креирање политика

**Подрачје: Наставни планови и програми**

**Индикатори:**

- Реализација на наставните планови и програми
- Квалитет на наставните планови и програми
- Воннаставни активности

**Јаки страни:**

- Реализацијата на наставата во училиштето се одвива врз основа на наставните планови и програми верификувани од страна на МОН а изработени од БРО и ЦСОО и истите се реализираат во предвидениот обем, со примена на современи наставни форми и методи со цел постигнување на резултатите од учење согласно националните стандарди и концепции за стручно образование;
- Учениците и родителите се информираат т.е. се запознаваат со наставните планови и програми врз основа на кои се реализира наставата во училиштето;
- Преку соодветен избор на наставни форми и методи наставните програми се прилагодуваат на способноста на учениците, со што се влијае на личниот развој на ученикот;
- Учениците избираат наставни предмети како и верификувани програми за реализација на проектни активности и слободни часови согласно со наставниот план за четиригодишно гимназиско и стручно образование;
- Во рамките на вон-наставните активности, училиштето се вклучува во реализација на проекти и активности кои се поддржани од МОН и Град Скопје како и други акредитирани институции кои се во соработка со нив.

**Слаби страни:**

- Недостиг на објективна анализа за воведување нови профили, за измена, модернизирање и прилагодување на наставните планови и програми, кон потребите на локалната средина; Преземање на проактивна иницијатива од страна на училиштето до Министерството за образование и наука, Бирото за развој и Центарот за стручно образование и обука, за воведување нови профили, за измена, модернизирање и прилагодување на наставните планови и програми, кон потребите на локалната средина;
- Учениците и родителите немаат можност со свои идеи и мислења да влијаат врз креирањето на наставните планови и програми;

- Недоволно податоци за застапеност на мултикултурализмот, родовата и етничката рамноправност во содржините од наставните програми.
- Планираните воннаставни активности согласно со годишната програма за работа на училиштето се реализираат делумно;

**Подрачје: Постигнување на учениците**

**Индикатори:**

- Постигнувања на учениците
- Задржување / осипување на учениците
- Број на ученици кои повторуваат година

**Јаки страни**

- Училиштето постојано го следи нивниот успех и на најразлични начини ги поттикнува на понатамошна успешна едукација.
- се зголемува бројот на запишани ученици во стручните паралелки, а со тоа и бројот на паралелки
- се води редовна педагошка евиденција и документација.
- не се прави разлика на полови и етничка припадност
- Добиените оценки реално ја одразуваат работата на учениците
- во целост се почитуваат правата на учениците
- Наставниците одржуваат дополнителна и додатна настава
- од година во година се зголемува процентот на одлични ученици;

**Слаби страни**

- Доработка и усовршување на конкретните постапки за подобрување на постигнувањата на учениците преку наставни и воннаставни активности;
- Желба кај ученици да се вклучуват во активностите на часот.

**Подрачје: Учење и настава**

**Индикатори:**

- Планирања на наставниците
- Наставен процес
- Искуства на учениците од учењето
- Задоволување на потребите на учениците
- Оценувањето како дел од наставата
- Известување за напредокот на учениците

**Јаки страни:**

- Наставниците изработуваат годишни, тематски и дневни подготовки со јасно дефинирани цели и задачи кои доследно ги реализираат
- Во наставниот процес се применуват разновидни и адекватни наставни форми и методи
- Учениците во соработка со предметните наставници изработуваат трудови, проекти и слично, кои ги презентираат пред остнатите ученици и вработени во училиштето
- Учениците се оспособуваат и насочуваат да продолжат со понатамошното школување по личен избор во високообрзовните институции по полагање на матура
- Во училиштето постојат усогласени критериуми и стратегија за оценување
- Училиштето редовно преку различни форми ги известуваат родителите за напредокот на учениците.
- Примена на ИКТ во наставата.

**Слаби страни:**

- Недоволна вклученост на учениците при донесување на важни одлуки поврзани со изведување / остварување на наставниот процес
- Прилагодување  на наставните планови и програми за учениците со посебни потреби.

**Подрачје: Поддршка на учениците**

**Индикатори:**

- Севкупната грижа на учениците
- Здравјето и пост- конфликтни трауми
- Советодавна помош на учениците
- Следење на напредокот

**Јаки страни:**

- Севкупна грижа за сите ученици подеднакво без разлика на нивната социјална и материјална положба, полова и етничка припадност;
- Безбедноста и хигиената во училиштето и грижата за здравјето на учлениците;
- Континуирано следење на напредокот на учениците;
- Постои соработка со родителите на учениците.
- Професорите перманентно работат на изноаѓање на нови модели на подршка на учениците. Тие работат тимски, разменуваат мислења, предлагаат новини, усвојуваат заклучоци, донесуваат одлуки;
- Превенција на конфликти и потполна грижа за безбедност и сигурност на учениците во училиштето;
- Се обрнува внимание на кампањи за здрава храна;
- Училиштето ги информира учениците за односите меѓу половите,репродуктивното здравје и сида, за зависностите од дрога и за превенција и последиците од рана и несакана бременост;
- Училиштето им помага на учениците во изборот на понатамошното образование и вработување;
- Училиштето води евиденција за напредокот на учениците и редовно ги информира родителите, а на нередовните и недисциплинираните ученици им нуди помош од соодветните служби во училиштето.

**Слаби страни**

- Недостапност со соодветна стручна литература за работа со деца со посебни потреби, а со тоа и непостоење на модифицирани наставни планови и програми за работа со ученици со посебни образовни потреби;

**Подрачје: Училишна клима и односи во училиштето**

**Индикатори:**

- Училишна клима и односи во училиштето
- Промовирање на постигањата
- Еднаквост и правичност
- Соработка со родителите и со локалната и деловната заедница

**Јаки страни:**

- Наставниците влијаат позитивно на училишната клима и односите во училиштето, независно дали се работи за машки/ женски ученици или различни етникуми. Тие секогаш се базирани на взаемно почитување.
- Промовирањето на постигањата; секогаш се истакнува општото како позитивна вредност, која е многу поважна отколку истакнување на поединечни негативни случувања.
- Еднаквост и правичност за сите ученици вклучувајќи ги и машките и женските, учениците со посебни образовни потреби и различно етничко потекло се принципи кои се почитуваат и на кои многу се работи.
- Соработката со родителите и локалната самоуправа се практикува во текот на целокупното образование на учениците, затоа што е неопходна потребата од комуникација со родителите заради следење на успехот и поведението на нивните деца, исто така и со локалната самоуправа за следење на постигањата на училиштето и нивно учество во реализирање на актуелни проекти.

**Слаби страни:**

- Незаинтересираност на дел од родителите за успехот и поведението на нивните деца и нивното однесување со наставниците и односот што го имаат со наставните помагала и училишниот инвентар.
- Насилството кај младата популација и понатаму е присутна но со значително помал интензитет, и тоа надвор од училиштето.
- Инволвираност на младите во политичките случувања.

**Подрачје: Ресурси**

**Индикатори:**

- Сместување и просторни капацитети
- Наставни средства и материјали
- Персонал
- Развој на персоналот
- Финансиско работење на училиштето

**Јаки страни:**

- Училиштето се наоѓа во урбана средина;
- Училиштето има јасен план и распоред за максимално користење на расположивите капацитети за изведување настава и вон-наставни активности;
- Наставниот кадар во училиштето е со соодветно образование за реализација на наставниот процес;
- Наставниците придонесуваат за работата на училиштето и работат како тим во рамките на стручните активи;
- Стручната служба им помага на наставниците: во организација на наставата, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво, планира и спроведува активности за давање советодавна помош на учениците;
- Практичната настава се реализира во училишните работилници и бизнис секторот;
- Наставниот кадар учествуваше на стручно педегошки семинари, дисеминации и други обуки . Имаат ажурирани портфолија;
- Училиштето има правилник за начинот на следење, проверување и оценување, полагање на испити;
- Зголемени се активностите на тимовите за афирмација на училиштето;
- Соодветно образование и мотивиран наставен кадар
- Добра местоположба на училиштето
- Пространост на самата зграда и на училишниот двор
- Внатрешна и надворешна фискултурна страна

- Библиотека со читална
- Подовите,прозорците, вратите, санитарните чворови се нови, исто така нови се и клупите, столчињата и таблите
- Сите залагања и инвестиции за осовремување на наставниот кадар, работните простории и сé друго значи напредок, што е секако добро и за поздравување

**Слаби страни:**

- Сите елементи на наставните ресурси да се имплементираат со восок процент, да ги следат сите нивоа на дејствување и достигнување на истите
- Дообнова на нагледни средства и технички помагала
- Снабдување на училишен културен центар по јазиците: англиски, француски, италијански, руски и германски со литература.
- Во училиштето недостасуваат заеднички простории за вршење дополнителни активности

**Подрачје: Управување, раководење и креирање политика**

**Индикатори:**

- Управување и раководење со училиштето
- Цели и креирање на училишната политика
- Развојно планирање

**Јаки страни:**

- Училиштето има добра раководна структура, која може соодветно да одговори на обврските и предизвиците,
- Училишниот одбор е конституиран во согласност со законска регулатива и статутот на училиштето со подеднаква застапеност на членовите на училишниот одбор во однос на етничката припадност
- Училишниот одбор работи според деловодникот за работа и има воспоставено партнерски однос со раководниот орган и со другите училишни структури.
- Наставниот кадар редовно и навремено ги информира родителите и учениците за родителските средби и постигањата на учениците
- Раководниот тим креира политика која ги следи воспитно - образовните потреби на училиштето,
- Во училиштето навреме се идентификуваат, планираат и обезбедуваат потребите од материјално –технички средства
- Училиштето работи на подробрување и осовременување на инфраструктурата преку сопствени средства
- Еднаков третман на сите ученици од различен пол, етничка и социјална припадност,
- Наставниците континуирано се усовршуваат, ги следат и спроведуваат иновациите во наставниот и воспитен процес.
- Класните раководители се одговорени за соработка, имаат разбирање за проблемите во паралелката и го почитуваат мислењето на учениците во донесување на одлуки;
- Училиштето го почитува правилникот за изрекување на педагошки мерки;
- Работата на раководниот тим на училиштето е со јасна визија и отворен за соработка;
- Директорот има јасна визија за развој на училиштето согласно потребите на сите субјекти во училиштето;
- Директорот има личен кредибилитет и високо ниво на професионални компетенции, ги подобрува условите за работа во училиштето и е посветен на работата;

- Учењето и постигнувањата на учениците се приоритет на директорот;
- Директорот одржува добри односи со учениците, вработените и институциите со кои соработува;
- Половата структура е правично застапена во раководниот тим;
- Училиштето води политика за учениците со различни способности и предиспозиции;
- Наставниците едногласно се изјаснија дека училиштето треба да води политика за наградување на креативните и успешни наставници;
- Односот на родителите со директорот, наставниците и вработените е на високо професионално ниво;
- Класните раководители се спремни за комуникација и соработка со родителите;
- Родителските средби се редовни и добро организирани;
- Подготвеност на наставниците да комуницираат со родителите, отворени се за соработка и го почитуваат нивното мислење;
- Наставниците ги почитуваат културата, полот и индивидуалните разлики на учениците;
- Родителите се задоволни од стручноста на наставниот кадар;

**Слаби страни:**

- Делумна информираност на родителите со структурата на раководење и одлучување во училиштето;
- Делумна соработката на раководниот тим и учениците при донесување на одлуки кои се однесуваат на ученичките интереси;
- Делумно учество на учениците во креирање на училишната политика со свои предлози и идеи;
- Наставниците сметаат дека секоја година добиваат сé повеќе задолженија, а сé помалку можности да ги остварат, како и мотивација да уживаат во сопствената работа;
- Мала активност на учениците во креирање на наставните планови.

**Идни активности:**

**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Покренување иницијативи за воведување на нови образовни профили, согласно потребите на пазарот на трудот;
- Создавање услови за непречено користење на ИКТ во наставниот процес и други форми и методи за прилагодување на наставната програма и план според способноста на учениците;
- Подобрување на информираноста на учениците и родители со користење на сите нови технички можности во училиштето и образовниот систем во републиката, а со тоа и поттикнување на интерес за подобра соработка со родителите;
- Подобрување на образовниот, социјалниот и личниот развој на учениците преку воннаставните активности; (1)
- Редовно одржување дополнителна и додатна настава, како и понатамошно вклучување на учениците во училишните и вонучилишните активности;
- Користење на критериуми и стандарди понудени од БРО за креирање на тестови;
- Обука на наставниците за современа (интерактивна) настава;
- Користење на стручна литература, компјутери, нови методи, форми и интернет во наставата;
- Вклучување на родителите во подобрувањето на постигнувањето на учениците во целиот воспитно-образовен процес; (2)
- Поголема примена на ИКТ во наставата со цел да се подобри квалитетот на наставата;
- Поголема вклученост на учениците во донесување на одлуки од наставниот процес;
- Адаптирање на наставните планови и програми за учениците со посебни потреби; (3)
- Зголемување на активностите наменети за ученици со посебни образовни потреби;
- Уште поголема грижа за емоционалните, физички и социјални потреби на учениците;
- Заземање заеднички став и негово доследно спроведување од сите наставници и од управата, за подобрување на редовноста, подобрување на поведението, правилно насочување на учениците во определени насоки и струки; (4)
- Промовирање на постигањата во наставата и во спортот и вон наставните активности со што би се потенцирала личноста и индивидуалноста на ученикот;

- ~~Адаптирање на наставните планови и програми за учениците со посебни потреби; (5)~~
- Доопремување на лабораториите и работилниците за практична настава и дозавршување на сите градежни работи со градежна столарија и дообнова на подовите;
- Дообнова и осовременување на нагледните средства и стручната литература;
- Обнова и осовременување на нагледните средства, стручната литература и библиотечен фонд со книги и лектири;
- Опремување на работилници со ЛЦД ПРОЕКТОР;
- Потреба од опремување на работилница и кабинет по ликовна уметност;
- Дозавршување со реновирање на санитарни јазли;
- Доопремувње и одржување на постојната ИКТ опрема;
- Реконструкција на покривната патека со зелен кров;
- Изградба на АРТ клуб;
- Проект M.A.J- хортикултурно уреден зелен парк во училишниот двор;
- Опремување на работилница за градежната струка;
- Реновирање на внатрешната спортска сала;
- Адаптирање на Пацио во зелено изложбен простор и др.; (6)
- Зголемување на понатамошното учество на сите субјекти инволвирани во наставниот процес во донесување одлуки во училиштето;
- Поголема соработка со стопанските субјекти вклушувајќи и нови, водејќи грижа за потребите на пазарот;
- Осовременување на наставните планови и наставата, со цел образување на стручни кадри спремни за полесно вработување и брзо вклучување во производниот процес; (7)

Комисија за Самоевалуација:

| | |
|---|---|
| **Претседател - координатор:** | Марија Боева |
| **Заменик претседател:** | Емилија Јовановска |
| **Членови:** | **1. Наставни планови и програми**<br>Стево Павловски<br>Радмила Тодоровски<br>Надире Садику<br>**2. Постигнување на учениците**<br>Анета Саздова<br>Виолета Златевска<br>Феми Јусуфи<br>**3. Учење и настава**<br>Билјана Цветковска<br>Соња Стефановска<br>Башким Исуфи<br>**4. Поддршка на учениците**<br>Милена Илиевска<br>Соња Ребац<br>Јенуз Мемети<br>**5. Училишна клима**<br>Јасминка Атанасова Симјаноска<br>Моника Стоилевска<br>Редифе Сулејмановска<br>**6. Ресурси**<br>Стојанче Тодоровски<br>Јасмина Шикоска<br>Фатмире Балажи<br>**7. Раководство, креирање политика**<br>Лида Трајковска<br>Елена Стоиловска<br>Нурјета Мемеди |

Датум: 19.08.2020г.

Скопје